**Одлука бр.18**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на електронска седница одржана на ден 19.12.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**За определување на критериуми за номинација на тениски клубови за влез во системот на финансирање на Агенцијата за млади и спорт**

**Член 1**

Тениска Федерација на Северна Македонија ќе ја изврши селекцијата за номинација на тениските клубови за влез во системот на финансирање на Агенцијата за млади и спорт, според следните критериуми:

1. Бројот на натпреварувачи во Државните репрезентации во тенис на Северна Македонија во претходната година и на натпреварувачи во Државните репрезентации во тенис на Северна Македонија во годината на моментот на номинација

2. Бројот на Државни прваци за категории 12, 14, 16, 18 години и за Мажи и Жени во претходната година и Бројот на Државни прваци за категории 12, 14, 16, 18 години и за Мажи и Жени во годината на моментот на номинација

3. Пласман на регистрирани натпреварувачи во топ 10 на официјалните ранг листи на Тениска Федерација на Северна Македонија за категории 14, 16, 18 години и за Мажи и Жени во претходната година и пласман на регистрирани натпреварувачи во топ 10 на официјалните ранг листи на Тениска Федерација на Северна Македонија за категории 14, 16, 18 години и за Мажи и Жени на моменталните ранг листи во тековната година

4. Бројот на регистрирани натпреварувачи во претходната година и бројот на регистрирани натпреварувачи во годината и моментот на номинација

5. Бројот на регистрирани членови- детски тенис во претходната година и Бројот на регистрирани членови во годината и моментот на номинација за тековната година.

**Член 2**

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува за номинација номинација на Тениски клубови за влез во систем на финасирање во Агенција за млади и спорт.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 19.12.2023 година

